# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО ЛЕКТОРСКО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во наставно и насловно звање, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 23.06.2017 година, за наставник во лекторско звање за наставната област Англиски јазик и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, бр. 0205-187/6-5, донесена на 07.07.2017 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, доцент на Педагошкиот факултет во Битола, виш лектор д-р Маја Милевска Кулевска, виш лектор на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје и лектор м-р Валентина Петровиќ, лектор на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставници во лекторско звање за наставната област Англиски јазик, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: м-р Јасмина Василевска.

## М-р Јасмина Василевска

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Јасмина Василевска е родена на 10.08.1977 година. Средно образование завршува во Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Битола во 1995 година. Прв циклус на студии завршува на Филолошкиот факултет во Благоевград, Бугарија и се стекнува со квалификацијата Дипломиран професор по англиски јазик. Вториот циклус на студии го продолжува на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола каде во 2016 година се стекнува со звањето Магистер по педагогија во областа на методиките.

Во однос на образованието, кандидатот бележи учество на повеќе обуки и семинари:

- Семинар за ФАРЕ програма (Струга, Октомври 2000 г.) – Методи и организација на часовите по англиски јазик;
- Еднодневни семинари во Педагошкиот завод во Битола од страна на советници и гости од Америка и Англија – професори/обучувачи;
- Интернационален семинар организиран од приватното Ст. Георге, Скопје, јуни 2014;

- Семинар за активна настава, ДСУ Таки Даскало, Битола, 2004 година;
- Семинар за Методи за контекстуално учење – обука за обучувачи на наставници – СЕА проект организиран од УСАИД – 4 модули, 2005-2008 година;
- Семинар за обука на наставници за работа со компјутери – E-school, 2005/2006;
- Improvement of School Based Assessment training – USAID, Human and institutional Development program, 2007, Струга;
- Семинар, Always learning!, Longman ELT, 2011;
- Работилница Let's get creative with reading and Task based learning – grammar and vocabulary, февруари 2015;
- Семинар Discovering and work with talented students, Педагошки факултет Битола, 2015;
- Интерактивни работилници American English Webinar Series, А катче Битола, 2015;
- Работилница – Регионал иссуес – Engaging social issues in the ELC, 2016;
- Работилница Linguistic workshop for professional development – Academic writing in elementary and secondary schools, 2017;

Кандидатот исто така во периодот од 2006 до 2010 година има учествувано и на повеќе работилници за стратегии на учење и предавање, активна и тимска работа, а во периодот од 2007 до 2017 активно учествува на семинари за презентација на учебници.

Кандидатот активно се служи англискиот, српскиот и на делумно ниво германскиот јазик.

Кандидатот моментално работи како професор по Англиски јазик во средното училиште СОУ „Таки Даскало“ во Битола.

Рецензионата комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Кандидатот работи како професор по Англиски јазик во средно училиште.

Исто така, кандидатот бил ментор за практична настава од Педагошки факултет Битола на групата англиски јазик.

Кандидатот како ментор на учениците по англиски јазик има добиено награди на повеќе натпревари од областа на Англискиот јазик.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот има објавено 6 научни трудови на научни собири и во научни списанија и 2 труда објавени во билтени и други списанија:

- Надгледен час по англиски јазик, Арт – списание за современо образование, Воспитни крстопати и стручниот билтен за наставници Разгледи, Скопје, 2010;
- Educational fair, MASSUM Conference, Skopje, 2007;
- Ongoing activities In the educational process, Conference Taki Daskalo, Bitola, 2010;
- Team work and organizational integration, BAS and BAS IM Conference, Bitola, 2016;
- Posibilities to intervent in educational system for market's needs in the 21st century, TEACHER Vol.11, ISSN 1857-8888 (online), Faculty of Education, Bitola, 2016;
- Creating of educational profiles in higher education, Knowlwdge capital of future, International journal, Agia Triada, Greece, ISSN 1857-92, IF:1.023, 2016;
- ESP manual with graphic vocation terminology responsible for the English linguistic team, Erasmus +, National Agency for European educational programs and mobility, 2017;
- The competences of managers – a significant factor for competitive advange of modern organizations, International Conference: Knowledge capital of the future, Budva, IF: 1.023, 2017;

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Јасмина Василевска во однос на стручно-апликативната дејност ги има преземено следниве активности.

Кандидатот е член на неколку стручни тела во рамките на СОУ „Таки Даскало“ во Битола:

- Тим за проектни активности
- Тим за маркетинг
- Одговорен наставник на англиската секција
- Координатор на активот по англиски јазик.

Кандидатот има одржано над 30 надгледни часови за примена на методи за активна настава и посета на часови од страна на колеги, советници и директор.

Во 2004 година учествува во секцијата по англиски јазик на финалната вечера на квиз натпреварот за Европската унија во Скопје, Театар Центар, организатор претставништво на ЕУ во Скопје.

Кандидатот бил член на редакцијата на училишниот весник Разгледи. Во истоимениот весник, како и во стручното списание Воспитни крстопати има објавено бројни прилози.

Кандидатот бил преведувач на збирки поезија на В. Велјановска од Битола во 2016 година.

Во периодот од 2004 до 2014 година е соработник на Американското катче во Битола.

**<u>Оценка од евалвација</u>**

На ден 29.08.2017 година кандидатот беше изложен на хабилитациона постапка за избор на наставници чија цел беше проверка на неговите предавачките. Врз основа на приложените документи за подготовка на часот и добиените резултати може да се констатира дека кандидатот за време на целиот хабилитационен процес покажа посветеност и одговорност кон извршувањето на задачите. Материјалите потребни за хабилитационата постапка во целост и навремено беа доставени за разгледување, а наставниот час се одржа непречено. Од увидот направен на наставниот час може да се воочи дека кандидатот има позитивна евалвација од страна на студентите, претставник на Академијата, а исто така и доста позитивно лично си го вреднува својот труд, што докажува дека за кандидатот може да се даде позитивна рецензија за избор.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и резултатите добиени од ханилитационата постапка за избор, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р Јасмина Василевска.

Врз основа на предвидените услови за избор во лекторско звање, кандидатот има завршено втор циклус на студии, покажува способност за наставна работа потврдено со резултатите од хабилитационата постапка, како и со повеќегодишното искуство како професор по англиски јазик, владее со проблемите од својата дисциплина, а во хабилитационата постапка демонстрираше практикување на наставно-обучувачката методика на Академијата.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот Комисијата заклучи дека м-р Јасмина Василевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС и ги

исполнува сите услови да бидат избрана во лекторско звање за наставната област Англиски јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС, м-р Јасмина Василевска да биде избрана во лекторско звање Лектор за наставната област Англиски јазик.

Скопје, 30 август, 2017

**Рецензентска комисија:**

**Доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска**

**с.р.**

**Виш лектор д-р Маја Милевска Кулевска**

**с.р.**

**Лектор м-р Валентина Петровиќ**

**с.р.**